# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 94 год. LXVII** **12 јули 2011, вторник** **Цената на овој број е 190 денари.**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2262. | **Одлука** за верификација на мандатот на пратеници во Собранието на Република Македонија………………….. | 2 |
| 2263. | **Одлука** за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија... | 2 |
| 2264. | **Одлука** за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија… | 2 |
| 2265. | **Одлука** за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ)………….. | 7 |
| 2266. | **Одлука** за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО)………………… | 7 |
| 2267. | **Одлука** за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ)………… | 8 |
| 2268. | **Одлука** за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ) | 8 |
| 2269. | **Одлука** за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС НА МЕДИТЕРАНОТ)…... | 9 |
| 2270. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација и начинот на спроведување на едукацијата………... | 10 |
| 2271. | **Правилник** за изменување на Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот…….. | 12 |
| 2272. | **Правилник** за начинот на земање примероци и методите за анализа и суперанализа на жита и ориз………… | 12 |
| 2273. | **Правилник** за постапката за времена пренамена на земјоделското земјиште, формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација……………………………… | 19 |
| 2274. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на записникот за отварање на понудите и извештајот за евалуација на понудите................................ | 21 |
| 2275. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата како и начинот на водење на евиденцијата за спроведена едукација………………… | 28 |
| 2276. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за склучување на нов договор за закуп под истите услови како во основниот договор и потребната документација….. | 31 |
| 2277. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за пренесување на корисничко право со склучување на договор со непосредна спогодба и потребната документација….. | 33 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2278. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за стекнатото право на плодоуживање кое со договор се трансформира во право на закуп и потребната документација….. | 35 |
| 2279. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост од јавните научни и државно образовни институции од областа на земјоделството и потребната документација…. | 37 |
| 2280. | **Национална** сортна листа………….. | 39 |
| 2281. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност…………………………….. | 40 |
| 2282. | **Тарифник** за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност…………………………….. | 40 |
| | **Огласен дел…………………………..** | **1-40** |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2262.**

Врз основа на членот 153 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 44/11 и 51/11) и членот 13 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2011 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Се верифицира мандатот на пратениците:

- Сузана Анова и
- Стефче Трпковски.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр.07-2945/1 — Претседател
12 јули 2011 година — на Собранието на Република
Скопје — Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**2263.**

Врз основа на членот 67, став 1 од Уставот на Република Македонија, членот 21 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, членот 17 од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/2009) и Одлуката за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2011 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За потпретседатели на Собранието на Република Македонија се избрани:

- Светлана Јакимовска, пратеник во Собранието на Република Македонија;
- Сузана Салиу, пратеник во Собранието на Република Македонија и
- Јани Макрадули, пратеник во Собранието на Република Македонија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2948/1 — Претседател
12 јули 2011 година — на Собранието на Република
Скопје — Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**2264.**

Врз основа на членот 76, став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 118 став (5) и 119 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 12 јули 2011 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија се избираат:

1. Комисија за уставни прашања

а) за претседател
Трајко Вељаноски
б) за заменик на претседателот
Александар Спасеновски
в) за членови:
1) Павле Трајанов;
2) Благородна Дулиќ;
3) Иван Стоилковиќ;
4) Малиша Станковиќ;
5) Илија Димовски;
6) Надица Танчева - Тулиева;
7) Цветанка Иванова;
8) Тито Петковски;
9) Ана Павловска - Данева;
10) Ивон Величковски;
11) Драгиша Милетиќ;
12) Ердоган Сарач;
13) Ермира Мехмети;
14) Сузана Салиу;
15) Имер Алиу и
16) Фламуре Демири - Креци.
г) за заменици на членовите:
1) Илија Китаноски;
2) Лилјана Затуроска;
3) Ѓорѓи Оџабашиев;
4) Марјанчо Тодоровски;
5) Борислав Стојменов;
6) Љубисав Иванов - Ѕинго;
7) Павле Саздов;
8) Оливер Спасовски;
9) Наташа Савова - Салковска;
10) Андреј Петров;
11) Соња Мираковска;
12) Рејхан Дурмиши;
13) Самка Ибраимоски;
14) Теута Арифи;
15) Џеват Адеми и
16) Беким Фазлиу.

2. Законодавно - правна комисија

а) за претседател
Благородна Дулиќ
б) за заменик на претседателот
Малиша Станковиќ

в) за членови:
1) Светлана Јакимовска;
2) Димитар Стевананџија;
3) Надица Танчева - Тулиева;
4) Илија Димовски;
5) Александар Спасеновски;
6) Горан Сугарески;
7) Цветанка Иванова;
8) Оливер Спасовски;
9) Соња Мираковска;
10) Талат Џафери;
11) Сузана Салиу и
12) Беким Фазлиу.
г) за заменици на членовите:
1) Силвана Бонева;
2) Нада Ципушева;
3) Весна Пемова;
4) Александар Николоски;
5) Ѓорѓи Коџабашиев;
6) Ана Павловска - Данева;
7) Благоја Стојановски;
8) Миле Андонов;
9) Митре Велјаноски;
10) Ермира Мехмети;
11) Бехиџудин Шехаби и
12) Имер Алиу.

3. Комисија за одбрана и безбедност
а) за претседател
Владимир Ѓорчев
б) за заменик на претседателот
Александар Николоски
в) за членови:
1) Милорад Додевски;
2) Павле Трајанов;
3) Иван Стоилковиќ;
4) Веле Ѓорѓиевски;
5) Александар Спасеновски;
6) Горан Минчев;
7) Оливер Спасовски;
8) Горан Мисовски;
9) Емилијан Станковиќ;
10) Талат Џафери;
11) Хајрула Мисини и
12) Орхан Ибраими.
г) за заменици на членовите:
1) Антонијо Милошоски;
2) Димитар Стевананџија;
3) Нада Ципушева;
4) Косана Николиќ- Мазнева;
5) Илија Димовски;
6) Горан Сугарески;
7) Голупчо Ангелов;
8) Стојко Пауновски;
9) Андреј Петров;
10) Вјолца Мехмети Нуредини;
11) Ирфан Деари и
12) Газменд Алији.

4. Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците
а) за претседател
Илија Китаноски
б) за заменик на претседателот
Светлана Јакимовска
в) за членови:
1) Илија Димовски;
2) Силвана Бонева;
3) Антонијо Милошоски;
4) Ќенан Хасипи;
5) Александар Николоски;
6) Ана Павловска - Данева;
7) Весна Бендевска;
8) Ердоган Сарач;
9) Мевмет Џемајлоски;
10) Теута Арифи;
11) Џеват Адеми и
12) Зиадин Села.
г) за заменици на членовите:
1) Владимир Ѓорчев;
2) Александар Спасеновски;
3) Трајчо Димков;
4) Надица Танчева - Тулиева;
5) Ромео Тренов;
6) Рејхан Дурмиши;
7) Радмила Шекеринска;
8) Драгиша Милетиќ;
9) Менде Диневски;
10) Талат Џафери;
11) Сузана Салиу и
12) Газменд Алији.

5. Комисија за надворешна политика
а) за претседател
Антонијо Милошоски
б) за заменик на претседателот
Александар Николоски
в) за членови:
1) Владимир Ѓорчев;
2) Ќенан Хасипи;
3) Михаило Џолонга;
4) Лилјана Поповска;
5) Јордан Пачков;
6) Игор Ивановски;
7) Наташа Савова - Салковска;
8) Маринела Тушева;
9) Сафет Бишевац;
10) Теута Арифи;
11) Дешира Имери и
12) Мерал Узеири - Ферати.
г) за заменици на членовите:
1) Павле Саздов;
2) Хараломпие Шокаровски;
3) Милорад Додевски;
4) Силвана Бонева;

5) Александар Спасеновски;
6) Емилијан Станковиќ;
7) Ердоган Сарач;
8) Гордан Георгиев;
9) Тања Томиќ;
10) Хајрула Мисини;
11) Арбен Љабеништа и
12) Зиадин Села.

6. Комисија за европски прашања
а) за претседател
Хајрула Мисини
б) за заменик на претседателот
Арбен Љабеништа
в) за членови:
1) Силвана Бонева;
2) Антонијо Милошоски;
3) Павле Трајанов;
4) Косана Николиќ - Мазнева;
5) Владанка Авировиќ;
6) Миле Пачемски;
7) Гордан Георгиев;
8) Маринела Тушева;
9) Јани Макрадули;
10) Ивон Величковски;
11) Теута Арифи и
12) Зиадин Села.
г) за заменици на членовите:
1) Милорад Додевски;
2) Ѓорѓи Коџабашиев;
3) Илија Димовски;
4) Лилјана Поповска;
5) Ристо Манчев;
6) Михаило Џолонга;
7) Сафет Бишевац;
8) Цветанка Иванова;
9) Горан Минчев;
10) Станка Анастасова;
11) Талат Џафери и
12) Мерал Узеири - Ферати.

7. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот
а) за претседател
Беким Фазлиу
б) за заменик на претседателот
Орхан Ибраими
в) за членови:
1) Илија Димовски;
2) Лилјана Кузмановска;
3) Амди Бајрам;
4) Александар Спасеновски;
5) Весна Бендевска;
6) Гордан Георгиев;
7) Ивон Величковски и
8) Сузана Салиу.
г) за заменици на членовите:
1) Александар Николоски;
2) Елена Павлова;
3) Васко Мицевски;
4) Јордан Пачков;
5) Сафет Бишевац;
6) Ана Павловска - Данева;
7) Наташа Савова - Салковска и
8) Хајрула Мисини.

8. Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање
а) за претседател
Горан Минчев
б) за заменик на претседателот
Ивон Величковски
в) за членови:
1) Веле Ѓорѓиевски;
2) Владимир Ѓорчев;
3) Трајчо Димков;
4) Славе Гошев;
5) Емилијан Станковиќ;
6) Фијат Цаноски;
7) Хајрула Мисини и
8) Имер Алиу.
г) за заменици на членовите:
1) Васко Пашовски;
2) Ванчо Апостолов;
3) Цена Матевска - Дуза;
4) Александар Спасеновски;
5) Талат Џафери;
6) Јани Макрадули;
7) Мевмет Џемајлоски и
8) Орхан Ибраими.

9. Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана
а) за претседател
Тито Петковски
б) за заменик на претседателот
Николче Ацевски
в) за членови:
1) Павле Саздов;
2) Талат Џафери;
3) Тања Томиќ и
4) Орхан Ибраими.
г) за заменици на членовите:
1) Павле Трајанов;
2) Хајрула Мисини;
3) Голупчо Ангелов и
4) Имер Алиу.

10. Комисија за финансирање и буџет
а) за претседател
Марјанчо Николов
б) за заменик на претседателот
Горан Мисовски
в) за членови:
1) Лилјана Кузмановска;
2) Нада Станчевска;
3) Владанка Авировиќ;
4) Ѓорѓи Коџабашиев;
5) Борислав Стојменов;
6) Светлана Карапетрова;
7) Миле Андонов;

8) Стојко Пауновски;
9) Ленче Николовска;
10) Талат Џафери;
11) Рафет Муминовиќ и
12) Имер Алиу.
г) за заменици на членовите:
1) Драган Цуклев;
2) Илија Димовски;
3) Илија Китаноски;
4) Марјанчо Тодоровски;
5) Ромео Тренов;
6) Дешира Имери;
7) Реџаиљ Исмаили;
8) Самка Ибраимоски;
9) Панче Орцев;
10) Борче Ставров;
11) Зиадин Села и
12) Изет Зеќири.

11. Комисија за економски прашања
а) за претседател
Љубисав Иванов - Ѕинго
б) за заменик на претседателот
Владанка Авировиќ
в) за членови:
1) Александар Спасеновски;
2) Нада Станчевска;
3) Борислав Стојменов;
4) Драган Цуклев;
5) Миле Андонов;
6) Стојко Пауновски;
7) Марјанчо Николов;
8) Николче Ацевски;
9) Рафет Муминовиќ и
10) Газменд Алији.
г) за заменици на членовите:
1) Ванчо Апостолов;
2) Милорад Додевски;
3) Авдија Пепиќ;
4) Ристо Манчев;
5) Ленче Николовска;
6) Горан Минчев;
7) Ердоган Сарач;
8) Реџаиљ Исмаили;
9) Зиадин Села и
10) Изет Зеќири.

12. Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство
а) за претседател
Ленче Николовска
б) за заменик на претседателот
Панче Орцев
в) за членови:
1) Ромео Тренов;
2) Ванчо Апостолов;
3) Малиша Станковиќ;
4) Васко Пашовски;
5) Драган Цуклев;
6) Борче Ставров;
7) Саве Марачков;
8) Горан Сугарески;
9) Реџаиљ Исмаили и
10) Орхан Ибраими.
г) за заменици на членовите:
1) Славе Гошев;
2) Миле Пачемски;
3) Бети Кузмановска;
4) Трајчо Димков;
5) Димитар Стеванаџија;
6) Рафет Муминовиќ;
7) Миле Андонов;
8) Николче Ацевски;
9) Драгиша Милетиќ и
10) Беким Фазлиу.

13. Комисија за транспорт, врски и екологија
а) за претседател
Реџаиљ Исмаили
б) за заменик на претседателот
Бехиџудин Шехаби
в) за членови:
1) Илија Китаноски;
2) Славе Гошев;
3) Косана Николиќ - Мазнева;
4) Павле Саздов;
5) Лилјана Затуроска;
6) Јани Макрадули;
7) Борче Ставров;
8) Благоја Стојановски;
9) Рејхан Дурмиши и
10) Газменд Алији.
г) за заменици на членовите:
1) Борислав Стојменов;
2) Ане Лашкоска;
3) Ристо Манчев;
4) Александар Николоски;
5) Цена Матевска - Дуза;
6) Ленче Николовска;
7) Саве Марачков;
8) Тања Томиќ;
9) Панче Орцев и
10) Мерал Узеири - Ферати.

14. Комисија за образование, наука и спорт
а) за претседател
Александар Спасеновски
б) за заменик на претседателот
Светлана Карапетрова
в) за членови:
1) Нада Ципушева;
2) Димитар Стеванаџија;
3) Марјанчо Тодоровски;
4) Илија Димовски;
5) Цена Матевска - Дуза;
6) Ана Павловска - Данева;
7) Фијат Цаноски;
8) Митре Велјаноски;
9) Драгиша Милетиќ;
10) Дешира Имери;
11) Газменд Алији и
12) Изет Зеќири.
г) за заменици на членовите:
1) Авдија Пепиќ;

2) Славе Гошев;
3) Владимир Ѓорчев;
4) Трајчо Димков;
5) Јордан Пачков;
6) Билјана Казанџиска;
7) Маринела Тушева;
8) Дивна Јовковска - Ефтимоска;
9) Николче Ацевски;
10) Вјолца Мехмети Нуредини;
11) Џеват Адеми и
12) Мерал Узеири - Ферати.

15. Комисија за култура
а) за претседател
Гордан Георгиев
б) за заменик на претседателот
Маринела Тушева
в) за членови:
1) Цена Матевска -Дуза;
2) Харалампие Шокаровски;
3) Ане Лашкоска;
4) Авдија Пепиќ;
5) Александар Спасеновски;
6) Светлана Мазгалоска - Вучетиќ;
7) Митре Велјаноски;
8) Дивна Јовковска - Ефтимоска;
9) Бехиџудин Шехаби и
10) Мерал Узеири - Ферати.
г) за заменици на членовите:
1) Лилјана Затуроска;
2) Светлана Карапетрова;
3) Јордан Пачков;
4) Михаило Џолонга;
5) Александар Николоски;
6) Арбен Љабеништа;
7) Станка Анастасова;
8) Ердоган Сарач;
9) Билјана Казанџиска и
10) Орхан Ибраими.

16. Комисија за здравство
а) за претседател
Менде Диневски
б) за заменик на претседателот
Тања Томиќ
в) за членови:
1) Михаило Џолонга;
2) Харалампие Шокаровски;
3) Весна Пемова;
4) Миле Пачемски;
5) Јордан Пачков;
6) Андреј Петров;
7) Станка Анастасова;
8) Билјана Казанџиска;
9) Ирфан Деари и
10) Зиадин Села.
г) за заменици на членовите:
1) Ромео Тренов;
2) Драган Цуклев;
3) Веле Ѓорѓиевски;
4) Елена Павлова;
5) Васко Мицевски;
6) Ивон Величковски;
7) Арбен Љабеништа;
8) Светлана Мазгалоска - Вучетиќ;
9) Соња Мираковска и
10) Мерал Узеири - Ферати.

17. Комисија за труд и социјална политика
а) за претседател
Цветанка Иванова
б) за заменик на претседателот
Билјана Казанџиска
в) за членови:
1) Илија Димовски;
2) Марјанчо Тодоровски;
3) Амди Бајрам;
4) Светлана Карапетрова;
5) Бети Кузмановска;
6) Елена Павлова;
7) Неџати Јакупи;
8) Радмила Шекеринска;
9) Самка Ибраимоски;
10) Соња Мираковска;
11) Бехиџудин Шехаби и
12) Орхан Ибраими.
г) за заменици на членовите:
1) Димитар Стевананџија;
2) Весна Пемова;
3) Лилјана Кузмановска;
4) Веле Ѓорѓиевски;
5) Александар Николоски;
6) Александар Спасеновски;
7) Ирфан Деари;
8) Вјолца Мехмети Нуредини;
9) Весна Бендевска;
10) Менде Диневски;
11) Станка Анастасова и
12) Беким Фазлиу.

18. Комисија за локална самоуправа
а) за претседател
Џеват Адеми
б) за заменик на претседателот
Реџаиљ Исмаили
в) за членови:
1) Владимир Ѓорчев;
2) Васко Пашовски;
3) Васко Мицевски;
4) Александар Николоски;
5) Бети Кузмановска;
6) Михаило Џолонга;
7) Светлана Мазгалоска - Вучетиќ;
8) Панче Орцев;
9) Самка Ибраимоски;
10) Рејхан Дурмиши;
11) Ирфан Деари и
12) Беким Фазлиу.
г) за заменици на членовите:
1) Нада Станчевска;
2) Миле Пачемски;
3) Лилјана Кузмановска;
4) Харалампие Шокаровски;
5) Илија Димовски;

6) Илија Китаноски;
7) Благоја Стојановски;
8) Голупчо Ангелов;
9) Фијат Цаноски;
10) Дивна Јовковска - Ефтимоска;
11) Арбен Љабеништа и
12) Газменд Алији.

19. Комисија за еднакви можности на жените и мажите
а)за претседател
Лилјана Поповска
б) за заменик на претседателот
Косана Николиќ - Мазнева
в) за членови:
1) Нада Ципушева;
2) Марјанчо Тодоровски;
3) Весна Пемова;
4) Елена Павлова;
5) Светлана Мазгалоска - Вучетиќ;
6) Голупчо Ангелов;
7) Станка Анастасова;
8) Дивна Јовковска - Ефтимовска;
9) Вјолца Мехмети Нуредини и
10) Мерал Узеири - Ферати.
г) за заменици на членовите:
1) Васко Мицевски;
2) Бети Кузмановска;
3) Ане Лашкоска;
4) Лилјана Кузмановска;
5) Цветанка Иванова;
6) Маринела Тушева;
7) Митре Велјаноски ;
8) Весна Бендевска;
9) Бехиџудин Шехаби и
10) Газменд Алији.

20. Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања
а) за претседател
Александар Николоски
б) за заменик на претседателот
Надица Танчева - Тулиева
в) за членови:
1) Ане Лашкоска;
2) Владимир Ѓорчев;
3) Трајчо Димков;
4) Саве Марачков;
5) Тања Томиќ;
6) Панче Орцев;
7) Ермира Мехмети и
8) Зиадин Села.
г) за заменици на членовите:
1) Ќенан Хасипи;
2) Васко Пашовски;
3) Александар Спасеновски;
4) Мевмет Џемајлоски;
5) Стојко Пауновски;
6) Оливер Спасовски;
7) Џеват Адеми и
8) Имер Алиу.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2954/1
12 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**2265.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 3 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ШЕФ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА (ПС СЕ)

1. Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ), се избираат:
а) за шеф на Делегацијата:
Александар Николоски
б) за членови на Делегацијата:
- Игор Ивановски и
- Ермира Мехмети
в) за заменици -членови на Делегацијата:
- Александар Спасеновски;
- Соња Мираковска и
- Имер Алиу.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2955/1
12 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**2266.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 7 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ШЕФ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ-ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА СЕВЕРНОАТЛАНТСКАТА ДОГОВОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (ПС НАТО)**

1. Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО), се избираат:

а) за шеф на Делегацијата:

Талат Џафери

б) за членови на Делегацијата:

-                          и

- Наташа Савова-Салковска

в) за заменици членови на Делегацијата:

- Павле Трајанов;

- Горан Сугарески и

- Орхан Ибраими.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2956/1
12 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**2267.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 4 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ШЕФ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ-ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА ВО ЕВРОПА (ПС ОБСЕ)**

1. Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ), се избираат:

а) за шеф на Делегацијата:

- Ана Павловска-Данева

б) за членови на Делегацијата:

- Владимир Ѓорчев и

- Зиадин Села.

в) за заменици-членови на Делегацијата:

- Димитар Стеванаџија;

- Сафет Бишевац и

- Џеват Адеми.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2957/1
12 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**2368.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 6 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ШЕФ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНАТА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕНТРАЛНО ЕВРОПСКАТА ИНИЦИЈАТИВА (ПД ЦЕИ)**

1. Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ), се избираат:

а) за шеф на Делегацијата:

- Весна Бендевска

б) за членови на Делегацијата:

- Михаило Цолонга и

- Хајрула Мисини

в) за заменици- членови на Делегацијата:

- Васко Пашовски;

- Лилјана Затуроска и

- Газменд Алији.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2958/1
12 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**2269.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 8 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ШЕФ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ -ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ (ПС НА МЕДИТЕРАНОТ)

1. Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот), се избираат:

а) за шеф на Делегацијата:

- Илија Димовски

б) за членови на Делегацијата:

- Харалампие Шокаровски и
- Емилијан Станковиќ

в) за заменици - членови на Делегацијата:

- Неџати Јакупи;
- Бехиџудин Шехаби и
- Беким Фазлиу.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2959/1
12 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**2270.**

Врз основа на член 90-а став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата.

Член 2

На физичкото лице или правното лице кое се повикуваат на едукација им се врачува покана на образец даден во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

Поканата од став 1 на овој член се печати на хартија со бела боја во А4 формат, и ги соджи следните елементи:

- грбот на Република Македонија и називот на органот кој ја спроведува едукацијата,

- називот на поканата.

1. Податоци за физичкот лице кое се повикува на едукација (име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и функцијата што ја врши во правното лице),

2. Податоци за правното лице (назив и седиште),

- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата,

- кратко означување на предметот на поканата,

- законска одредба во која е утврден недостатокот,

- име и презиме на инспекторот за патен сообраќај,

- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација,

- место и датум на издавање на поканата,

- место за печат.

Член 3

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за транспорт преку Државните инспектори за патен сообраќај односно овластените инспектори за патен сообраќај на општините, односно на градот Скопје.

Едукацијата се врши во подрачните простори на Државниот инспекторат за транспорт односно овластените инспектори за патен сообраќај на општините, односно на градот Скопје.

Член 4

Едукацијата се врши два пати во неделата, а по потреба и повеќе пати.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-8602/1
6 јули 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.

Прилог бр.1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

Бр.____________од_________20___год.

ПОКАНА
за спроведување на едукација

1.Податоци за лицето кое се повикува на едукација
Име и презиме _______________________________________________
ЕМБГ___________________________________________________

Адреса на живеење_________________________________________

Функција што ја врши во правото лице ____________________________

2.Податоци за правното лице
Назив и седиште ______________________________________________
Државниот инспекторат за транспорт ќе спроведе едукација
во_______часот, на ден_____________година, во просториите на
_________________, лоцирани на ул. ____________________________

Предмет на поканата е
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
Законска одредба во која е утврден недостатокот
_______________________________________________________________

Име и презиме на инспекторот
за патен сообраќај
________________________

М.П

Место и датум на издавање
______________________

**2271.**

Врз основа на член 25 став 2 од Законот за јавните патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА И НА ОБЈЕКТИТЕ НА ПАТОТ

Член 1

Во Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот („Службен весник на Република Македонија“ број 110/09, 163/09, 26/10 и 163/10) во член 3 точка а) во алинејата 1 зборовите: „наплатни станици“ се бришат.

Член 2

Во член 308 алинејата 14 се брише.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-8679/1 Министер
7 јули 2011 година за транспорт и врски,
Скопје **Миле Јанакиески**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2272.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ И МЕТОДИТЕ ЗА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ЖИТА И ОРИЗ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на земање примероци и методите за анализа и суперанализа на жита и ориз.

Член 2

Поимите употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) просечен примерок (мостра) е просечен состав од целокупната количина на производот од кој се зема мостра;

2) испорака (пратка) е количината на производот подготвена за ставање во промет;

3) амбалажни единици се соодветни количини на производи од ист вид спакувани во поединечна амбалажа со соодветна зафатнина, со задолжителна ознака за идентификација;

4) поединечен (основен) примерок е помала количина на производ земена од едно место на производствената партија;

5) вкупна мостра на жита во непакувана (растурена) состојба е група на поединечни, соединети и грижливо измешани примероции земени од една партија;

6) примерок за анализирање е примерокот што се добива со редукција на вкупната мостра и служи за лабораториска анализа.

Член 3

Земањето на примероци се врши во производство – на производствени партии или на дел од производствените партии и во услови на промет - на амбалажните единици односно на пратката.

Член 4

Просечните примероци кои ги зема државниот инспектор за земјоделство заради вршење контрола на квалитетот на житата и оризот треба да бидат доволно репрезентативни и економични.

Репрезентативноста на просечниот примерок го претставува квалитетот на масата од жита или ориз од која се зема примерокот.

Економичноста на просечниот примерок ја претставува онаа количина на примерокот која поради губиток на земената количина од масата од жита и ориз, нема да предизвика поголема штета на производителот, односно преработувачот.

Член 5

Државниот инспектор за земјоделство ги зема примероците за вршење контрола на квалитетот на житата и оризот во присуство на физичкото лице или правното лице-производител или оператор со жита и ориз.

Примероците се земаат на: местото на натовар, местото на растовар, складиштето или силосот, шлепот, бродот, вагонот или камионот.

Операторите со жита и ориз треба да обезбедат услови за вршење на контрола на квалитетот на житата и оризот на местата од став 2 на овој член.

Приборот, садовите, амбалажата и уредите (сонди, рачни лопатки и сл.) што се користат за земање на примероци треба да бидат со соодветна големина и зафатнина, чисти, суви и од материјал што не влијае врз квалитетот на примерокот кој го имал во време на земањето на истиот.

Кон секој примерок (мостра) се наведуваат следните податоци:

1. Вид на превозното средство и неговата ознака (број);
2. Назив на местото од кое е испратена пратката;
3. Назив на местото во кое е упатена пратката;
4. Дата на пристигнување на пратката;
5. Количина на пратката;
6. Број на вреќите или ознаката „растурено (непакувано)"
7. Вид на производот;
8. Ознаката за идентификација или бројот на партијата;
9. Име, презиме и адреса на живеење на производителот или назив и седиште на операторот со жита и ориз;
10. Број и дата на договорот;
11. Број и дата на договорот;
12. Дата на завршување на натоварот или на растоварот;
13. Место и дата на земање на примерокот и
14. Потписи на лицата и печат на институцијата што земала примероци.

На садовите или на друг вид амбалажа во која се става примерокот (мострата) како и на приврската или етикетата што се зацврстува и запечатува или пломбира треба да се назначат податоците од став 5 на овој член за да се обезбеди оригиналност на примерокот и да се оневозможи негово отворање без оштетување на печатот и на самото пакување и истите треба да се неизбришливи.

Член 6

Операторот со жита и ориз доставува барање за вршење на контрола на квалитетот на житата/оризот до Државниот инспекторат за земјоделство. Барањето се поднесува на образец даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Државниот инспектор за земјоделство составува записник за извршената контрола на квалитетот на житата/оризот според образец даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Државниот инспектор за земјоделство до овластената лабораторија доставува барање за вршење на анализа на жита/ориз заедно со земените примероци (мостри), записникот од став 2 на овој член и барањето од став 1 на овој член. Барањето за вршење на анализа е дадено во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Земањето на примероците заради вршење анализа и суперанализа на житата и оризот се врши според методите МКС EN ISO 24333 и МКС EN ISO 24333/AC.

Член 8

При анализа и суперанализа на житата и оризот се користат следните методи:

а) стандарден метод за одредување на органолептички својства, кој е даден во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник;

б) стандарден метод за одредување на материи, со исклучок на основни жита со неоштетен квалитет, кој е даден во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник;

в) метод за одредување на хектолитарска маса МКС EN ISO 7971-1, МКС EN ISO 7971-2 и МКС EN ISO 7971-3;

г) метод за одредување на содржината на влага МКС EN ISO 712 или методот што се заснова на инфрацрвена технологија. Во случај на спор се прифаќаат само резултатите утврдени со методот МКС EN ISO 712 кој е референтен метод;

д) метод за одредување на масата на 1000 зрна МКС EN ISO 520;

ѓ) метод за одредување на количина на пепел МКС EN ISO 2171;

е) метод за одредување на содржина на сурови протеини МКС EN ISO 20483 или признати методи од страна на Меѓународното здружение за хемија на житарки (International Association for Cereal Chemistry-ICC) чии стандарди се утврдени во согласност со тарифниот број 105/2:„метод за одредување на содржината на протеини во житарки и житни производи". Доколку се употребува друг метод треба да се достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доказ за признавање на тој метод од страна на Меѓународното здружение за хемија на житарки (International Association for Cereal Chemistry-ICC), дека предметниот метод дава еднакви резултати и

ж) метод за одредување на индексот-„Zeleny" за сомелена мека пченица МКС EN ISO 5529.

Член 9

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престануваат да се применуваат одредбите од Правилникот за методите на физичките и хемиските анализи за контрола на квалитетот на житата, мелничките и пекарските производи, тестенините и брзо смрзнатите теста („Службен лист на СФРЈ" бр.74/1988) кои се однесуваат на начинот на земање примероци и методите за анализа и суперанализа на жита и ориз.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2012 година.

Бр. 08-5767/5
6 јули 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски**, с.р.

Прилог 1

До Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Државен инспекторат за земјоделство
Подрачна Единица ___________
Бр. ____________

БАРАЊЕ БР__________
за контрола на квалитет на жита/ориз

Согласно Правилникот за начинот на земање примероци и методите за анализа и суперанализа на жита и ориз се доставува барање за вршење на контрола на квалитет и увид на прометот со следните податоци:

| |
|---|
| Видот на производот; |
| Количината на производот |
| Бројот на вреќите<br>или ознаката „растурено (непакувано)“ |
| Ознаката за идентификација<br>или бројот на партијата; |
| Превозното средство<br>и неговата ознака (број); |
| Број и дата на договорот; |
| Дата на завршување на натоварот<br>или на растоварот; |
| Место на натовар; |
| Дата на натовар; |
| Место на растовар; |
| Дата на растовар; |
| Место на контрола; |

| | |
|---|---|
| Назив на оператор: | |
| Улица и број/седиште: | |
| Број на решение од Централен регистер: | |
| Име и презиме/Директор: | |
| Потпис: | |
| Печат: | |

Прилог 2

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Државен инспекторат за земјоделство
Подрачна единица ___________
бр.______________

Записник бр.________-
од извршена контрола на квалитет и промет на жита/ориз

Врз основа на барање број ______ од __________ и Правилникот за начинот на земање примероци и методите за анализа и суперанализа на жита и ориз после извршената контрола и увид на прометот на жита го давам следниот записник:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фирма: | | | |
| Улица и број: | | | |
| Централен регистер: | | | |
| Директор: | | | |
| Видот на производот; | | | |
| Количината на производот | | | |
| Бројот на вреќите или ознаката „растурено (непакувано)“ | | | |
| Ознаката за идентификација или бројот на партијата; | | | |
| Превозното средство и неговата ознака (број); | | | |
| Број и дата на договорот; | | | |
| Дата на завршување на натоварот или на растоварот; | | | |
| Место на натовар; | | | |
| Дата на натовар; | | | |
| Место на растовар; | | | |
| Дата на растовар; | | | |
| Место на контрола; | | | |
| Дата на контрола: | | | |
| Број на земени мостри: | | | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |
| Мостра број: | | Мостра број: | |

Мострите и овој записник се доставени до овластената лабораторија за анализа на ден ______________.

| Државен инспекторат за земјоделство<br>Подрачна единица _______________ | |
|---|---|
| Инспектор: | |
| Потпис: | |
| Печат: | |

Прилог 3

До
Овластена лабораторија за анализа на квалитет на жита/ориз

БАРАЊЕ БР__________
за вршење на анализа на квалитет на жита/ориз

Согласно Правилникот за начинот на земање примероци и методите за анализа и суперанализа на жита и ориз се доставува барање за анализа на квалитет на жита/ориз со следните податоци:

| | |
|---|---|
| Видот на производот; | |
| Количината на производот | |
| Бројот на вреќите или ознаката „растурено (непакувано)“ | |
| Ознаката за идентификација или бројот на партијата; | |
| Превозното средство и неговата ознака (број); | |
| Број и дата на договорот; | |
| Дата на завршување на натоварот или на растоварот; | |
| Место на натовар; | |
| Дата на натовар; | |
| Место на растовар; | |
| Дата на растовар; | |
| Место на контрола; | |
| Записник број. | |
| Мостри бр. | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| Државен инспекторат за земјоделство<br>Подрачна единица _______________ | |
|---|---|
| Инспектор: | |
| Потпис: | |
| Печат: | |

Прилог 4

## Стандарден метод за определување на органолептички својства на жита и ориз

Принципот се заснова врз органолептичкото испитување на мирисот, вкусот и бојата на житата.

### Определување на мирис на жита и ориз
### Постапка

Околу 100 g чисто жито се прекрупува во наполно чиста лабораториска мелница, која е без мирис. Во чаша со зафатнина од 150 ml се одмерува 20 g прекрупа и се прелева со 100 ml вода загреана на температура од 60°C. Суспензијата се хомогенизира со стаклено стапче и веднаш се оценува присуството на туѓ мирис. Ако тројца од пет оценувачи забележат некој туѓ мирис, се смета дека тој мирис е утврден.

Туѓиот мирис може да биде мирис на нем, мирис на штетници, мирис на мувла, кисел мирис, мирис на вриење, мирис на чад, мирис на сулфур и друго.

Сите наведени мириси можат да бидат со различен интензитет и тоа: слабо изразени, изразени и доста изразени.

При определување на мирис на пченка од примерокот (мострата) се одмерува 100g зрна и се пренесува во тиквичка со брусен затворач, со зафатнина од 100 ml, која 30 минути се остава во сушилница на температура од 35°C до 40°C. Тиквичката потоа се вади од сушилницата, брзо се отвора и се утврдува мирисот. Ако мирисот не е својствен, во извештајот односно записникот се запишува дали има присуство на туѓ мирис и се утврдува неговото потекло.

### Определување на вкусот на жита и ориз
### Постапка

Околу 20 g исчистено жито се одмерува и се сомелува во иста лабораториска мелница која е без мирис. Два грама од сомеленото жито се соџвакува и се оценува својственоста. Својствен вкус е благ и најчесто неутрален вкус, додека расипаното зрно од жито или ориз има кисел, горчлив или мувлив вкус.

При определување на вкусот на пченката се одмерува 100 g од мострата за испитување зрно, се издвојуваат примесите од неорганско и животинско потекло, нечистотиите од органско потекло и зрната од плевел. Пречистената мостра се сомелува и од таа маса се одмерува 50 g прекрупа, се хомогенизира и се помешува со 100 ml вода од чешма. Суспензијата се загрева до вриење, масата се измешува, се оладува до температура од 30°C до 40°C, а потоа се определува вкусот. Ако вкусот не е својствен на здраво зрно, во извештајот односно записникот се запишува дали има присуство на туѓ мирис и се утврдува неговото потекло.

Прилог 5

Стандарден метод за одредување на материи, со исклучок на основни жита со неоштетен квалитет

1. За мека пченица, тврда пченица и јачмен, просечен примерок (мостра) од 250 g се просејува низ две сита, едно со отвори од 3,5 mm и друго со отвори од 1,0 mm, секоја по половина минута. Со цел да се обезбеди постојано просејување, се препорачува да се користи механичко сито, на пример, вибрациона маса со вградени сита.
Мора да се измерат материите што се задржале во ситото со отвори од 3,5 mm, а кои минуваат низ ситото со отвори од 1,0 mm и се сметаат како надворешни материи. Доколку материите задржани во ситото со отвори од 3,5 mm содржат делови од групата „други жита“, или особено големи зрна од основни житарици, тие делови или зрна се враќаат во просеаната мостра. Во текот на просејувањето, во ситото со отвори од 1,0 mm мора да се направи презицна проверка на живите штетници.
Од просеаната мостра се зема примерок од 50 до 100 g. со помош на сепаратор. Оваа парцијална мостра мора да се измери.
Потоа, парцијалната мостра се раширува на маса со пинцети или трубеста шпатула и мора да се одделат скршените зрна, другите житарици, изртените зрна, зрната оштетени од штетници, зрната оштетени од мраз, зрната чиј никулец е обезбоен, шарените зрна, надворешните семиња, рокчињата, оштетените зрна, изгниените зрна, лушпите, живите штетници и мртвите инсекти.
Доколку парцијалната мостра содржи зрна во лушпа, истите рачно се лупат, а лушпата се смета како парчиња од лушпи. Камењата, песокот и парчињата од слама се сметаат како надворешни материи.
Парцијалната мостра се просејува половина минута низ сито со отвори од 2,0 mm за мека пченица, 1,9 mm за тврда пченица и 2,2 mm за јачмен. Материите што поминуваат низ ова сито се сметаат како исушени зрна. Зрната оштетени од слана и несозреаните зелени зрна припаѓаат на групата „исушени зрна“.

2. Просечен примерок од 500 g. во случај на пченка, се протресува половина минута во сито со отвори од 1,0 mm. Се проверува дали содржи живи штетници и мртви инсекти. Со помош на пинцети или трубеста шпатула, од материите останати во ситото со отвори од 1,0 mm се отстрануваат камењата, песокот, парчињата од слама и другите надворешни материи.
Вака отстранетите надворешни материи се додаваат во материите поминати низ ситото со отвори од 1,0 mm и се мерат заедно.
Со помош на сепаратор, од мострата помината низ ситото се подготвува парцијална мостра од 100 до 200 g. во случај на пченка. Оваа парцијална мостра се мери. Се раширува во тенок слој на маса. Со помош на пинцети или трубеста шпатула, се одделуваат парчињата од други житарици, зрната оштетени од штетници, зрната оштетени од мраз, изртените зрна, надворешните семиња, оштетените зрна, лушпите, живите штетници и мртвите инсекти.
Потоа, оваа парцијална мостра се пушта низ сито со тркалезни отвори од 4,5 mm за пченка. Материите што поминуваат низ ова сито се сметаат за скршени зрна.

3. Групите материи, со исклучок на основни житарици со неоштетен квалитет, утврдени во согласност со методот наведен во 1 и 2, мора да се измерат многу внимателно со прецизност од 0,01 g и се распределуваат според процентот кај просечниот примерок. Податоците во извештајот за анализата се внесуваат со прецизност од 0,1%. Се проверува присуство на живи штетници.
По правило, на секоја мостра мора да се направат две анализи. Истите не смее да се разликуваат повеќе од 10% во однос на вкупните горенаведени материи.

4. За активностите наведени во 1, 2 и 3 треба да се користат следниве апарати:
(а) сепаратор за мостри, на пример конусен или вдлабнат апарат;
(б) прецизна вага или вага за анализи;
(в) сита со отвори од 1,0 mm, 1,8 mm, 1,9 mm, 2,0 mm, 2,2 mm и 3,5 mm и сита со округли отвори од 1,8 mm и 4,5 mm. Ситата може да се вградат во вибрациона маса.

**2273.**

Врз основа на член 51, став 4 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07 и 18/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ВРЕМЕНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на позитивно мислење за времена пренамена на земјоделско земјиште за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини и потребната документација.

Член 2

Барањето за издавање на позитивно мислење за времена пренамена на земјоделско земјиште за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ги содржи следните податоци:

1. Назив на органот кој ја спроведува постапката за давање на согласност за времена пренамена;
2. Назив на образецот;
3. Податоци за подносителот на барањето;
4. Податоци за земјиштето за кое се бара времена пренамена:
- катастарска општина,
- катастарска парцела,
- место викано,
- катастарска култура,
- катастарска класа,
- површина (метри квадратни) и
- имотен/поседовен лист,
5. Датум и место на поднесување на барањето.
6. Потпис/печат на барателот.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец со А4 формат во бела боја кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 на овој правилник се приложува и следната документација:

1. За барање за детални геолошки истражувања се доставува:
- топографска карта за локалитетот на деталните геолошки истражувања, во размер 1:25000 и
- геодетски елаборат за катастарските парцели кои влегуваат во локалитетот или список со катастарски индикации.

2. За барање за експлоатација на минерални суровини се доставува:
- договор за детални геолошки истражувања и
- геодетски елаборат за посебни намени за земјиштето во експлотационото поле со нумерички податоци за катастарските парцели кои влегуваат во екплотационото поле.

Член 4

По барањето од член 2 на овој правилник и доставената документација во рок од десет дена сметано од денот на поднесувањето се врши теренски увид на лице место на земјоделското земјиште за кое се бара времена пренамена.

Врз основа на теренски увид на лице место се утврдува оправданоста за давање на позитивно мислење за времена пренамена и се изготвува записник за констатираната состојба во присуство на барателот.

Врз основа на барањето за времена пренамена на земјоделското земјиште, потребната документација и записникот од став 2 на овој член се издава решение за позитивно мислење за времена пренамена на земјоделското земјиште, односно решение за одбивање на барањето.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 22-4502
8 јули 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

**Прилог**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Сектор за регистрирање и управување
со земјоделско земјиште

## БАРАЊЕ
